Назив на проектот: „Механизам за превенција од корупција“
Референтен број на проектот: SB MKD NI 01/2023-003
Назив на организацијата-носител: ФЛОРОЗОН Центар за еколошка демократија Скопје
Назив на програмата: СМАРТ БАЛКАН
ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО ЗА ПОВРЗАН ЗАПАДЕН БАЛКАН

**Опис на работна задача за експертски услуги за активноста 1.3 Организација на дводневна работилница за еколошка антикорупција**

Според Б.Л. 5.1.4 Обучувач 1 и 5.1.5 Обучувач 2

| | |
|---|---|
| **Цели на проектот:** | Општата цел на проектот е да даде придонес во борбата против корупцијата преку воспоставување соработка и партнерство помеѓу ГО, граѓаните и клучните антикорупциски институции и нивните соодветни тела.<br><br>Специфичните цели на проектот се:<br>• Зголемување на капацитетите и знаењето на ГО во антикорупциските практики<br>• Овозможување ефективен механизам за справување со еколошката корупција<br>• Подигнување на јавната свест за еколошките корупциски нишки и нивните последици |
| **Цели на активноста 1.3:** | Врз основа на наодите и препораките кои произлегуваат од Анализата, проектот ќе ја прилагоди тренинг програмата за обука која ќе ги одразува потребите на целната група на проектот и ќе понуди решенија за санирање за надминување на недостатокот на знаење во антикорупциската политика/дејства. Покрај тоа, работилницата за еколошка антикорупција ќе биде дизајнирана на начин да овозможи сеопфатен вовед во темата и да им обезбеди на присутните напредни знаења и алатки што им се потребни за адресирање и справување со корупцијата во секторот за животна средина, дотолку повеќе, да ги инспирира да преземат самостојна последователна акција во рамките на заедницата од каде доаѓаат. |
| **Генерален опис на ангажманот:** | Креирање на методологија за дво-дневна обука и нејзина реализација |
| **Задачи:** | • Креирање на методологија (предлог агенда) за дво-дневна обука, базирана на претходно направена анализа<br>• Редовна комуникација и размена на информации со проектниот тим<br>• Редовна комуникација и заедничка работа со другиот избран експерт<br>• Учество и спроведување на дво-дневна обука за реализирање на наставната програма<br>• Подготовка и поднесување на извештај за спроведените активности за време на ангажманот |

| | |
|---|---|
| **Продукт(и) од ангажманот:** | Содржината на креираната и реализирана методологија за обука, треба да се состои од следниве теми:<br>• Преглед на еколошката корупција<br>• Правни и регулаторни рамки<br>• Идентификување на корупцијата во секторот за животна средина<br>• Зајакнување на институциите<br>• Улогата на граѓанското општество<br>• Меѓународна соработка<br>• Студии на случај и најдобри практики<br>• Интерактивни сесии и групни дискусии<br><br>Како дел од **втората компонента** на планот за активности, односно **застапување и лобирање,** проектот ќе спроведе две комплементарни активности кои значително ќе придонесат за постигнување на втората специфична цел на проектот - Овозможување на ефективен механизам за справување со еколошката корупција. |
| **Локација:** | Скопје/Охрид |
| **Период на спроведување:** | Експертски ангажман во периодот од 1-ви Ноември до 15-ти Декември 2023 година. Максимален буџет по експертски ден е во бруто износ од 120 ЕУР по ден |
| **Потребни квалификации и вештини:** | • Универзитетска диплома во областа на право, јавна администрација, политички и општествени науки, економија и слични области<br>• Добри аналитички вештини<br>• Најмалку пет (5) претходно направени методологии/наставни програми од областа или слични теми<br>• Најмалку пет (5) претходно спроведени обуки/работилници<br>• Искуство во работа и соработка со граѓански организации и институциите кои се цел на обуката/работилницата |
| **Критериуми за оценување:** | (see table below) |
| **Кој може да аплицира:** | Физички и правни лица |
| **Документи се потребни за поднесување на апликација:** | Правните лица треба да поднесат портфолио, работна биографија на експертот кој планираат да го вклучат, предлог методологија, финансика понуда, ДРД формулар и тековна состојба.<br>Физичките лица треба да поднесат работна биографија, портфолио (референци од претходно релевантно искуство), предлог методологија и финансиска понуда. |

Критериуми за оценување:

| **Сегменти** | **Поени** |
|---|---|
| Работна биографија | 30 |
| Искуство/компетентност/квалификации | 30 |
| Методологија | 20 |
| Цена | 20 |
| **Вкупно поени** | **100** |

| | |
|---|---|
| **Локација и рок за поднесување на апликации:** | Електронски на project@florozon.org.mk или contact@florozon.org.mk<br>или<br>Лично до канцеларијата на Флорозон на Ул. Никола Парапунов бр. 41/102, 1000 Скопје<br>Краен рок за поднесување на апликации е 30-ти Октомври 2023 година |

Бр. 0302/87-3

Скопје, 19.10.2023